# Д О Г О В О Р

**за извршување на групна набавка**
**склучен помеѓу:**

**1. СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола**, со седиште на ул.„Михајло Андоновски“ бр.1, застапувано од директорот Драган Стојановиќ (во натамошниот текст: ***Носител на групна набавка-прва договорна страна***) и
**2.1.СОУ „Таки Даскало“ – Битола** со седиште на ул.„Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, застапувано од директорот Владимир Трифуновски
**2.2.СОУ „Јосип Броз Тито“ – Битола** со седиште на ул.„Булевар 1-ви Мај“ бр.51, застапувано од директорот Кирил Печалев
**2.3.СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола** со седиште на ул.„Михајло Андоновски“ бр.1, застапувано од директорот Драган Стојановиќ
**2.4.СОЕУ „Јане Сандански“ – Битола** со седишште на ул.„Булевар 1-ви Мај“ бр.59, застапувано од в.д. директорот Ратка Анастасовска
**2.5.СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола** со седиште на ул.„Прилепска“ бб, застапувано од директорот Зоран Каранфиловски
**2.6.СОМУ „Д-р Јован Калаузи“ – Битола** со седиште на ул.„Македонска фаланга“ бр.31-б, застапувано од директорот Јасмина Никиќ-Десановска
**2.7.ООУ „Крсте Петков Мисирков“** – со седиште во с.Бистрица, Битола застапувано од директорот Јованка Трајчевска
**2.8.ООУ „Коле Канински“ – Битола** со седиште на ул.„4-ти Ноември“ бб, застапувано од директорот Лидија Павловска
**2.9.ООУ „Св.Кирил и Методиј“ – Битола** со седиште на ул.„Булевар 1-ви Мај“ бб, застапувано од директорот Кристина Полизовска,
**2.10.ООУ „Св.Климент Охридски“ – Битола** со седиште на ул.„Димче Лахчански“ бб, застапувано од директорот Андријана Мигуловска
**2.11.ООУ „Гоце Делчев“ – Битола** со седиште на ул.„29-ти Ноември“ бб, застапувано од директорот Билјана Рахманова-Тасевска
**2.12. ООУ „Елпида Караманди“ – Битола** со седиште на ул.„Васко Карангелевски“ бб, застапувано од директорот Емилија Николовска.
**2.13. ООУ „Д-рТрифун Пановски“** – Битола,со седиште во Битола Ул.“Охридска“ број 50 застапувано од директорот Вера Стојановска
(во натамошниот текст:**Втора договорна страна) .**

Член 1

Овој Договор се склучува врз основа на член 24 од Законот за јавни набавки („Службен Весник на РМ“ 27/15, 78/15, 192/15 и 27/16), и Одлуката на договорните страни – директорите на основните и средните училишта со записник од состанокот одржан на ден 16.08.2016 год. за доделување на Договор за групна јавна набавка за „***Превоз на ученици во основните и средните општински училишта, кои не се опфатени со општинскиот линиски превоз и ученици чие место на живеење е надвор од територијата на општина Битола но не подалеку од 50 км за учебната 2016/2017 година.“***

Член 2

Договорните страни се согласни постапката за доделување на договор за јавна набавка во име на групата - втората договорна страна да ја спроведе СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола, а по претходно поединечно дадено овластување на секое училиште од кое се состои втората договорна страна.

Врз основа на записникот од состанокот на директорите од основните и средните училишта, формирана е Комисија за јавна набавка за „***Превоз на ученици во основните и средните општински училишта, кои не се опфатени со општинскиот линиски превоз и ученици чие место на живеење е надвор од територијата на општина Битола но не подалеку од 50 км за учебната 2016/2017 година.“***

Подготовката на тендерската документација, одлуката за избор на најповолна понуда односно поништување на постапката и сите останати дејствија поврзани со постапката за јавна набавка, ќе ги донесе Комисијата за „***Превоз на ученици во основните и средните општински училишта, кои не се опфатени со општинскиот линиски превоз и ученици чие место на живеење е надвор од територијата на општина Битола но не подалеку од 50 км за учебната 2016/2017 година“***. Носителот на групната набавка се обврзува технички односно електронски да ја спроведе постапката на групната набавка со помош на стручната служба за јавни набавки на Општина Битола.

Договорната страна која ја спроведува постапката и другите договорни страни изјавуваат дека безусловно ќе ги прифатат сите права и обврски кои ќе произлезат од Договорот за јавна набавка.

Договорот за реализирање на јавната набавка (превоз на учениците) ќе го потпише секоја договорна страна ( училиште - поединечно) со најповолно избраниот економски оператор во согласност со условите од тендерската документација. Примерок од така склучениот договор во рок од 8 дена ќе биде доставен до МОН и до Општина Битола.

Доколку било која договорна страна не го потпише договорот преку овластеното лице ќе се смета за раскинат за што ќе биде известен Градоначалникот на Општина Битола и МОН.

Член 3

Ниту една Договорна страна нема да е одговорна за обврските на другите Договорни страни кои ќе произлезат од договорот за јавна набавка. Носителот на групната набавка не одговара за обврските на другата договорна страна и ниту еден од потписниците не одговара за обврски произлезени по други договори и други основи.

Член 4

Договорот се склучува само за оваа јавна набавка.

За се што не е регулирано со овој Договор се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои Договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основниот суд во Битола.

Член 5

Овој Договор се склучува во 4 (четири) примероци во оригинал, а сите учесници ќе добијат фотокопија за нивни потреби.

Член 6

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето.

**ПОТПИСНИЦИ НА ДОГОВОРОТ**

| **Носител на групна набавка:** | **Договорни страни:** |
|---|---|
| СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола | СОУ „Таки Даскало“ ____________________ |
| директор<br>Драган Стојановиќ | ОСУ „Јосип Броз Тито ___________________ |
| _________________ | СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ ____________________ |
| | СОЕУ „Јане Сандански“___________________ |

СОЗУ „Кузман Шапкарев“________________

СОМУ „Д-р Јован Калаузи“_______________

ООУ „Крсте Петков Мисирков“____________

ООУ „Коле Канински“____________________

ООУ „Св.Кирил и Методиј“________________

ООУ „Св.Климент Охридски“______________

ООУ „Гоце Делчев“________________________

ООУ „Елпида Караманди“__________________

ООУ „Д-рТрифун Пановски“________________